# Дневна хемеротека за *16.04.2015г.*

## Sky- Дримски басен – енергетско-еколошки предизвик на регионот

### Дримски басен – енергетско-еколошки предизвик на регионот

Детали Создадено На Среда, 15 Април 2015 13:20 Датум на објавување Категорија: Локално

Share Tweet

Владата на Република Македонија, преку Министерството за животна средина и просторно планирање, ја одобри имплемнтацијата на ГЕФ-проектот за управување со Дримскиот басен.




Со проектот се постигнува поддршка на заедничкото управување со Дримскиот басен, градење консензус меѓу државите за клучните прашања во басенот, вклучувајќи ги последиците од климатските промени, како и зајакнување на техничките и на стручни капацитети и спроведување на слични пилот-проекти.

– Проектот се состои од пет компоненети и тоа, консолидација на заедничкото знаење во басенот за заедничка анализа и надзор, изградба на основа за заедничко управување – подготвување на стратегиски план за басенот, институционално зајакнување за формирање заедничка Дримска комисија, демонстрација за технологии и за практики преку пилот-проекти во басенот и инволвирање на јавноста во доделување на одлуките и во подигнување на јавната свест – вели Дејан Пановски од Билатералниот секретарјат за заштита на сливот на Охридско Езеро.

Добивките од овој проект ќе бидат еколошка заштита на басенот, подобрување на енергетското управување, заштита на екосистемот преку пилот-проекти, подготвување заеднички план за управување кој ќе го подобри управувањето со нивото, особено во Охридско Езеро и промоција на басенот како туристичка атракција.

Во имплементацијата на ГЕФ-проектот ќе учествуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, групата „Дрим Кор“, Билатералниот комитет за Охридско Езеро, Комитетот за Преспа, научни установи, како Хидробиолошкиот завод, Управата за хидрометеоролошки работи, менаџерски установи (ЕЛЕМ), како и експерти и невладини организации.

## 24 Вести - Се најавуваат протести против загадувањето на воздухот

# Се најавуваат протести против загадувањето на воздухот

15.04.2015 | 22:27 Македонија Прочитано: 767

Повеќе од 800.000 граѓани боледуваат од респираторни болести, алармираат од граѓанската иницијатива „Ќе дишеме или ќе издишеме“.



Нивните активисти денеска пред Институтот за јавно здравје им порачаа на надлежните да ги објават официјалните бројки на заболени пациенти кои секојдневно се борат за својот живот.

Од граѓанското здружение покрај во главниот град, најавија масовни протести во Тетови и во Битола, каде изминативе месеци имаше највисоко измерено загадување на воздухот.

Невладината „Ќе дишеме или ќе издишеме" на првите луѓе во Институтот за јавно здравје покрај пораката за почист воздух и алармантните бројки од нивните истражувања, им доставија и подароци - заштитна маска и антибиотици како иронична порака со каков проблем секојдневно живеат хронично болните пациенти.

Од Институтот за јавно здравје денеска не одговорија на повикот на активистите, бидејќи им било потребно повеќе време да излезат со официјални бројки, но најавија дека информацијата ќе ја доставаат следниве денови.




Tweet Светлана Божиновска

## Телма - *Протест пред институтот за јавно здравје*

Кеса со лекови за респираторни болести за директорот на Институтот за јавно здравје, Шабан Мемети. На овој начин граѓанската иницијатива „Ќе дишиме или ќе издишиме" се обиде да го вклучи алармот кај надлежните за последиците од загадувањето на ...

## Нетпрес - *Во најава нови протести за загадувањето на воздухот*

Повеќе од 800.000 граѓани боледуваат од респираторни болести, алармираат од граѓанската иницијатива „Ќе дишеме или ќе издишеме". Нивните активисти денеска пред Институтот за јавно здравје им порачаа на надлежните да ги објават официјалните бројки на ...

## Нова ТВ - *Половина нација се гуши, активистите најавуваат протести*

Речиси половина од граѓаните на Македонија изминатата година заболеле од респираторни болести на горните и долните дишни патишта. Состојбата со загадувањето е алармантна. Од Граѓанската иницијатива „Ќе дишиме или Ќе издишиме" бараат од Институтот за

# [Almakos](#) -[*Iniciativa e re qytetare: Gjendja e ajrit në Maqedoni është alaramuese!*](#)

almakos.com
SHKURT e SHQIP

## Iniciativa e re qytetare: Gjendja e ajrit në Maqedoni është alaramuese!

Fillimi | Lajme | Maqedoni | Iniciativa e re qytetare: Gjendja e ajrit në Maqedoni është alaramuese! | Share

Publikuar/modifikuar 15/04/2015 21:15:00

Madhësia: − +



Iniciativa qytetarë e sapo formuar "Do të marrim ose do ta lëshojmë frymën", kërkon që të kyçet alarmi në Institutin për shëndet publik, pasi që ata konstatuan se në Maqedoni mbi 800 mijë banorë janë sëmurë nga sëmundjet e frymëmarrjes.

Qytetarët e njoftuar dhe të vedisuar për gjendjen ekologjike nga Shkupi, dhe shoqatat "Eco Guerilla" nga Tetova, "Për ne bëhet fjalë" nga Manastiri, vendosën që së bashku të iu kthejnë shpinën institucioneve, pasi që sipas atyre ata të parët kthyen shpinën qytetarëve.

"Pyesim se kujt i shërben instituti për shëndetësi publike? Elitave partiake apo qytetarëve? Për kë ndezët alarmin? Për ebolën partiake apo për ne qytetarët me probleme të frymëmarrjes? Pyesim se instituti a punon vetëm si filial e Entit për statistikë? "Do të marrim ose do ta lëshojmë frymën" se bashku me "Eco Guerilla" dhe "Për ne bëhet fjalë", kërkojmë që të publikohet numri i personave të sëmurë nga sëmundje të frymëmarrjes si dhe numri i personave të sëmurë me kancer në rajonin e Shkupit, Tetovës dhe Manastirit", tha Angela Ilievska nga kjo iniciativë.

Në Maqedoni mbi 670 mijë persona vuajnë nga sëmundje të rrugëve të larta të frymëmarrjes, kurse 200 mijë vuajnë nga sëmundje të pjesës së poshtme të rrugës së frymëmarrjes. Iniciativa në mënyrë publike fton të gjithë qytetarët që ballafaqohen me probleme me frymëmarrjen dhe gjitha iniciativat ekologjike që të kyçen në marshin për jetë nën moton "Do të marrim ose do ta lëshojmë frymën", që do të organizohet gjatë këtij muaji.

Ata dorëzuan edhe një dhuratë pranë Institutit për shëndetësi publike, e cila përbëhej nga një maskë , plakat të iniciativës qytetarë si dhe medikamente për lehtësimin e frymëmarrjes.